„‚Нема друг бог освен Аллах! Тешко на Арапите од злото што им се приближило! Денес е отворен дел од преградата на Јеџуџ и Меџуџ, во големина како ова.‘

Од Зејнеб бинт Џехш, Аллах нека е задоволен со неа, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дошол кај неа вознемирен и рекол: „‚Нема друг бог освен Аллах! Тешко на Арапите од злото што им се приближило! Денес е отворен дел од преградата на Јеџуџ и Меџуџ, во големина како ова.‘ – и со прстите формирал круг, спојувајќи го палецот со показалецот. Тогаш Зејнеб бинт Џехш прашала: ‚О, Божји пратенику, зарем ќе бидеме уништени иако меѓу нас има добри луѓе?‘ Тој одговорил: ‚Да, кога ќе се рашири расипаноста.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, влегол кај Зејнеб бинт Џехш, Аллах нека е задоволен со неа, вознемирен и исплашен, велејќи: „Нема друг бог освен Аллах!“ Со овие зборови укажа на претстојната опасност и непријатност што ќе се случи, од која нема спас освен со прибегнување кон Возвишениот Аллах. Потоа рече: „Тешко на Арапите од злото што се приближува! Денес е отворен дел од преградата на Јеџуџ и Меџуџ, sидот што го изградил Зул-Карнејн, во големина како ова.“ И со прстите формирал облик на круг, спојувајќи го палецот со показалецот. Тогаш Зејнеб, Аллах нека е задоволен со неа, прашала: „О, Божји пратенику, зарем Аллах ќе нè изложи уништување иако меѓу нас има верници и добри луѓе?“ Тој ѝ одговорил: „Да, кога ќе се рашири расипаноста како што се неморалот, јавните и тајните гревови, прељубата, алкохолот и сè друго што го уништува општеството – тогаш уништувањето ќе ги опфати сите.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3145